## NOKIA TUBE



Најголемиот производител на мобилни телефони, финската компанија "Nokia" го претстави својот нов мобилен телефон, кој претставува директен одговор на iPhone od Apple. Долго време се зборуваше за моделот Nokia Tube, а дури сега се појавија и фотографии, за кој претставниците од "Nokia" тврдат дека ќе ја надмине продажбата на iPhone. Nokia Tube ќе има TFT екран чувствителен на допир, 3.5-инчен, со резолуција од 360 x 640 пиксели. Покрај сите можности кои ги имаат моделите од високата класа од оваа компанија, Nokia Tube ќе поседува и GPS. Nokia Tube ќе се појави во продажба во првото тромесечие од 2009 година.




Подготвил:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

## "SMART PHONE" ЧАСОВНИК



Компанијата "Epoq" го претстави првиот рачен часовник - мобилен "EGP-98B", со вграден оперативен систем "Windows Mobile 5.0", кој поддржува и QUAD-Band GSM за вршење телефонски разговори и за испраќање SMS и MMS пораки.

Часовникот има 1.4-инчен OLED екран, кој е чувствителен на допир, а корисниците преку Internet Explorer можат да сурфаат на Интернет преку GPRS или Wi-Fi.



Капацитетот на вградената меморија изнесува 128 MB, а уредот доаѓа со вклучена 1GB microSD картичка. Трајноста на батеријата е декларирана на 150 минути разговор, односно 90 часа во мирување. Овој уред поседува и веб-камера со 1.3 MP, BlueTooth, VOIP и USB порт. Цената сè уште не е официјално објавена, додека на некои Интернет страници се шпекулира дека "часовникот" ќе чини околу 400 евра.


